# ПРЕДЛОГ - АМАНДМАНИ НА ЗАКОНОТ ЗА СУБВЕНЦИОНИРАН СТУДЕНТСКИ ОБРОК

**Амандман 1**

Во членот 1, точката 2 се додава нова точка која гласи: „Сумата за субвенциониран студентски оброк ќе се менува според инфлациската стапка после секоја фискална година“.

**Образложение**

Систематското решение за субвенциониран оброк треба да значи систематски промени, а не козметички. Преку додавање на предложениот амандман, сумата за оброк ќе зависи од инфлациската стапка на потрошувачката и истата ќе се менува во зависност од инфлацијата.

**Амандман 2**

Во членот 13, се додава нова точка која гласи: „Надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон го вршат и студентските собранија на универзитетите во Република Северна Македонија“.

**Образложение**

Систематското решение за субвенциониран оброк значи дека системот во целина треба да има демократски и инклузивни механизми за надзор. Преку додавање на предложениот амандман, студентските собранија се директно вклучени во надзорот и имплементацијата на овој закон.

**Амандман 3**

Во членот 11, се додава нова точка која гласи: „Бројот на субвенционирани оброци, кои биле неискористени, се ажурира следниот месец во истиот субјект кој го нема искористено субвенционираниот оброк“.

FECH
Forum for Educational Change

**Образложение**

Систематското решение за субвенциониран оброк значи дека Министерството за образование и наука треба да креира систем чиј главен фокус се корисниците на субвенциониран оброк, односно студентите. Преку додавање на предложениот амандман месечно се ажурираат неискоритените оброци во следниот месец и се дава можноста истите да се искористат.